ТЕХНО ХЕМ

друштво за трговија и производство на хемикалии и хемиски производи д.о.о скопје

# АКРИЛ НИВЕЛИТ 3

ИЗРАМНУВАЧКА ЗИДНА ОБЛОГА НА БАЗА НА АКРИЛ-ЦЕМЕНТ

**НАМЕНА :АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** е двокомпонентна израмнувачка зидна облога.Се употребува во објекти каде има потреба од претходно израмнување на зидните површини кои треба завршно да бидат обработени со епоксидни премази како што се : хали од текстилна индустрија , прехрамбена индустрија , трговски хали ( магацини ) гаражи , трговски дуќани , изложбени салони , школски простории , библиотеки , лаборатории и слични простории.

**СОСТАВ :АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** е постојана двокомпонентна маса врз база на органски емулзии (дисперзии),посебни полнила и специјални адитиви за хомогенизирање и добро прилепување за подлогата.

**СВОЈСТВА : АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** овозможува ефикасно израмнување на зидните површини , создава многу добра и многу цврста подлога за нанесување на епоксидни премази во различни дебелини,со чија помош се обезбедува брзо и ефикасно одржување на хигиената во просториите.Вградениот **АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** има мазна и затворена површина.

**ВГРАДУВАЊЕ :АКРИЛ НИВЕЛИТ С** се состои од две компоненти , комп.А и комп.Б ,запакувани во соодветен размер ( А:Б = 1:3 ) .Во тој размер двете компоненти добро се мешаат и се добива *жилава* маса која треба да одлежи 15 до 20 минути и повторно добро да се промеша пред да се изврши вградувањето.

Вградувањето со врши по следната постапка : зидната површина (која е претходно добро и фино малтерисана со цементен малтер)треба претходно добро да се исчисти со правосмукалка ( да се обеспраши ).Подлогата не смее да содржи алкалии и други нечистотии.После тоа,преку чистата подлога се врши нанесување на акрил пенетрација која се нанесува со тврда четка.Преку осушената пенетрација се врши нанесување на **АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** со челични глетерки.и се врши фино глетување кое трае се до завршување на врзувањето на масата и до добивање на хомогена рамна и глатка површина.

Оптималната температура за вградување се препорачува да биде од 10 С до 25 С.

Време на вградување е 30 минути.На температура од 20С за 24 часа постигнува 50% од својата цврстина а целосна цврстина постигнува после неколку дена.

**ПОТРОШУВАЧКА :** Потрошувачка на **АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** изнесува од 3 кг/м2 до 7 кг/м2 во зависност од подлогата.Потрошувачката на акрил пенетрација изнесува од 0,5 кг/м2 до 1,0 кг/м2 , исто така во зависност од подлогата.

**ПАКУВАЊЕ : АКРИЛ НИВЕЛИТ 3** се испорачува во пакувања ;

Компонента А во пластични канти од 5 кг

Компонента Б во натрон вреќи од 15 кг

**ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА :** За време на работа задолжително да се носат заштитни ракавици и облека.

**РОК НА ТРАЕЊЕ :** Складиштен во суви магацини и оригинална амбалажа материјалот има рок на траење од 6 месеци.

**УСКЛАДИШТУВАЊЕ :** Да се чува во сув магацин во оригинална амбалажа.

ул .7 бр. 139а с.Орешани
1000 Скопје Македонија
тел./факс++ 389* 02*3091-174
моб.тел. ++ 389*070 241 448
е-маил: tehnohem@t.mk
info@tehnohem.com
веб: www.tehnohem.com